АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-286
19.03.2020 год.
СКОПЈЕ

АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

NORTH MACEDONIA BAR ASSOCIATION

*Скопје, 19.03.2020 година*

**До**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Г-дин ОЛИВЕР СПАСОВСКИ, Претседател**

**ПРЕДМЕТ:** ***Барање за воведување на економски мерки за ублажување на економски последици за време на справување со* Covid-19**

**Почитувани,**

Адвокатската комора на РСМ почитувајки ги препораките донесени од Владата и надлежните институции, препорача на своите членови доследно почитување на мерките за справување со **Covid-19** (корона вирус).

Со цел елиминирање на секоја можност за ширење и превенција од **Covid-19** (корона вирус), Комората препорача да се ограничи времето за прием на странки додека траат препораките од Владата на Република Северна Македонија односно до 24 март 2020, а со новонастанатата состојба за уште 30 дена.

Со почитувањето на препораките нашите членови се доведуваат во ситуација да го намалат обемот на работа, а со тоа и остварувањето на приходите .

**Имајќи ги во предвид сите околности поврзани со превенцијата од** Covid-19, **но и новите мерки на Владата на РСМ уште повеќе ќе се намали обемот на работа, а во некои делови од државата и ќе се престане со активности, со што уште повеќе ќе се усложни ситуацијата во вршењето на адвокатската дејност.**

**Од овие причини предлагаме:**

1. Да се стави мораториум на плаќањето на социјалните придонеси и субвенционирање на придонесите по вработен во сектор адвокатура во висина од 50 отсто додека траат мерките за справување со Covid-19;

2. Укинување или намалување на аконтативниот данок за 2020 година, кој адвокатите се должни да го плаќаат према државата до 15ти секој месец или мораториум на истиот. Сметаме дека ова е неопходна мерка со која ќе се олесни работењето на адвокатите, од причина што адвокатурата како дејност ќе биде значајно погодена од кризата и не може да се очекува адвокатите и адвокатските друпштва да имаат ист приход како претходната година.

3. **Одлагање на обврската за плаќање на данокот по годишната сметка за 2019 година.**

4. Можност секторот адвокатура да биде внесен во групата на дејности за мерката на Владата за директна финансиска поддршка за ликвидност на микро, мали и средни претпријатија, односно адвокатите и адвокатските друштва да можат да аплицираат за кредити без каматна стапка.

**Се надеваме дека нашите предлози ќе бидат разгледани со должно внимание и ќе се излезе во пресрет со што би се овозможило професијата да опстане во овие тешки моменти за сите во РСМ**, односно ќе се избегнат можни отпуштања од работа на вработени во адвокатските канцеларии и адвокатски друштва или целосно затварање на самостојни адвокатски канцеларии и адвокатски друштва.

Во исто време сакаме да Ви потенцираме дека како професија од јавен интерес стоиме на располагање да помогнеме во справувањето со кризата.

Со почит,

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Љубомир Михајловски, адвокат**

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ